Николина КЕНИГ

УДК: 159.9.072

# МУЛТИМЕТОДСКАТА ТРИАНГУЛАЦИЈА И ВАЛИДНОСТА НА КВАЛИТАТИВНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО ПСИХОЛОГИЈАТА

Во суштина, анатемата на квалитативните
истражувања е нивната валидност.

J. M. Morse

***Краткa содржина***

*Проценувањето на релијабилноста и валидноста како критериуми на квалитетот на истражувањето е една од главните карактеристики на квантитативните истражувања. Овој текст ја дискутира потребата за редефинирање на употребата на концептот валидност во квалитативните студии, преку прилагодување и на неговото значење и на начините на тестирање, низ призмата на епистемолошката и онтолошката парадигма типична за квалитативните истражувања. Образложени се неколку проблеми поврзани со праксата на користење на мулти-методскиот пристап како начин на триангулација, т.е валидација на квалитативните истражувања, коишто сугерираат дека квалитетот на истражувањето треба да биде проценет на начин којшто кореспондира со појдовната епистемолошка парадигма на која тоа се надоградува. На крајот се изнесени алтернативни стратегии за верификација на валидноста на истражувањето, во рамките на кои радикално поинаку се дефинира самиот поим валидност.*

***Клучни зборови:*** *ТРИАНГУЛАЦИЈА, КВАЛИТАТИВНИ МЕТОДИ, ВАЛИДНОСТ, РЕЛИЈАБИЛНОСТ, МУЛТИМЕТОДСКИ ПРИСТАП.*

## ВОВЕД

Во рамките на развојот на академската психологија, квалитативниот метод има значително покуса историја од квантитативниот. Во времето кога е етаблирана психологијата како наука, делумно заради историскиот контекст, а делумно заради потребата да се дис-

танцира од филозофијата, се прават напори за потпирање на психологијата врз методолошкиот модел на природните науки чии идеали се објективноста, вредносната неутралност и откривањето на причинско-последичните врски во реалноста која постои независно од нашите перцепции, вредности и мотиви. Резултат на ова инсистирање е воспоставувањето на цврста поврзаност помеѓу институционално етаблираната психологија со пристапот кој е (по)компатибилен со вака дефинираните стремежи, односно со квантитативниот метод.

Квантитативните истражувања во психологијата се темелат на парадигмата на логичкиот позитивизам дека реалноста (вклучително и психолошката односно социјално-психолошката) може да се сведе на мерливи варијабли чии меѓусебни врски може да бидат идентификувани. Појавите се фрагментираат за да можат да се операционализираат, потоа се квантификуваат со стандардизирани мерни инструменти, па се тестираат хипотези со помош на статистички алатки, а наодите се изразуваат со статистичка терминологија. Крајната цел е резултатите да се генерализираат на популацијата од која е извлечен примерокот врз којшто е спроведено истражувањето. При тоа, идеалот на научното истражување дефиниран со оваа парадигма е откривањето на каузалните врски помеѓу појавите што се проучуваат, што го сместува експериментот (поради можноста за контрола на релевантните варијабли) во редот на најфаворизираните методи. Се што е немерливо, барем привремено, односно додека не се најде начин да биде измерено, се губи од доменот на интерес на научните истражувања.

Квалитативниот метод се раѓа како одговор на растечкото незадоволство од „стерилноста" на академската психологија, која ја дефинира својата цел прилично далеку од хуманистичките вредности, и тоа како предвидување и контрола на човековото однесување (Rappaport & Stewart, 1997; според Симовска и Георгиевска, 2004). Освен тоа, во процутот на растечкиот индивидуализам во средината на дваесетиот век, неколку социјални движења (како на пример феминистичкото, движењето за цивилни права и слични), создаваат сериозни потреси во глобалниот социо-политички амбиент. Во таа атмосфера се раѓа и дефиницијата на социјалната реалност како конструкт, а паралелно со тоа и се преиспитува улогата на традиционалната психологија. На површина се изнесува една од нејзините неславни улоги, којашто наједноставно може да се формулира како *инструмент кој помага во одржување на социјалниот поредок*. Имено, во очите на корпусот од мислители кои ја отфрлаат идеајта за можноста моделот на природните науки да се реплицира во психологија-

та, квантитативните истражувачи, под плаштот на вредносната неутралност, не само што продуцираат тривијални наоди, туку и ја поддржуваат дискриминацијата и асиметријата во моќ, конструирајќи нормативни модели на однеусвање кои важат само за маж/белец/од средна класа/припадник на западна култура (Zavalloni, 1983; Minnich, 1990; Hollway, 1994).

Додека квантитативно ориентираната психологија јасно се врзува за логичкиот позитивизам, една од основните филозофски претпоставки на квалитативните пристапи, надоврзани воглавно на конструктивизмот и критичката теорија, е дека реалноста не ниту универзална (туку е нужно партикуларна), ниту пак независна од перцепциите, вредностите и искуствата на субјектот. *Значењето*, коешто е централен предмет на интерес на квалитативниот пристап, по дефиниција е плурално и отворено за различни интерпретации. При тоа, истражувачите, кои се воедно основниот мерен инструмент, не се ниту објективни ни неутрални проучувачи на реалноста, а најмалку пак имаат авторитет да го дадат последниот збор во интерпретацијата на податоците – напротив, тие заземаат конкретна вредносна позиција и се лоцираат во историскиот контекст како хумани набљудувачи.

## Валидноста и релијабилноста во квалитативните истражувања

Степенот до кој резултатите се временски стабилни (непроменети од едно до друго мерење), како и хомогеноста на ставките кои го мерат конструктот, се двата аспекти на релијабилност на мерните инструменти што се користат во квантитативната психологија. Нивната валидност, наједноставно се дефинира ако се каже дека тие се валидни тогаш кога го мерат она што се очекува дека треба да го мерат. Релијабилноста на истражувањето пак, најчесто се дефинира како степен до којшто под слични околности и со иста методологија, наодите се репликабилни (Traub, 1994), додека валидноста на истражувањето се однесува на степенот до кој наодите може да се генерализираат, како и на сигурноста на утврдената релација помеѓу варијаблите.

Вака дефинирани, двата стожерни термини на квантитативната методологија, изгледаат како сосема неупотребливи во квалитативните истражувања, бидејќи во рамките на истите, мерен инструмент е самиот истражувач, а истражувањето по дефиниција не се

стреми ниту кон предикција, ни кон генерализација, туку кон илуминација, разбирање на значењата и евентуално, екстраполација на наодите на слични ситуации. Сепак, иако очигледно само номинално идентични, и релијабилноста и валидноста остануваат да се споменуваат во квалитативните истражувања кога се докажува нивната кредибилност, наспроти инсистирањето на одредени автори (Lincoln & Guba, 1985; Trochim, 2001) за промена на самите називи[1].

Што би значело да се тврди дека едно квалитативно истражување е релијабилно? Моделот на репликабилност и конзистентност на наодите во повторени истражувања не само што не може да се примени, туку доколку се докаже, „последицата би била дека истражувањето едноставно не чини“ (Stenbacka, 2001, стр. 552). Наједноставното решение го нуди Patton (2001), тврдејќи дека се додека можеме да докажеме дека квалитативното истражување е валидно, нема потреба да губиме енергија на докажување и на релијабилноста, бидејќи таа е услов на валидноста.

Традиционално, валидноста во квалитативните истражувања подразбира одредување на степенот до кој тврдењата на истражувачот/ката во врска со сознанијата до кои дошол/ла, соодветствуваат со реалноста, и тоа онака како што е таа конструирана од самите учесници во истражувањето (Eisner & Peshkin, 1990, според Cho & Trent, 2006). Типичен начин за подобрување, односно тестирање на валидноста (и релијабилноста) во квалитативната методологија е преку стратегијата наречена триангулација[2].

## Триангулацијата како стратегија за обезбедување валидност

Ако се земе предвид бројот на референци во литературата за методологијата на општествените науки, може да се каже дека терминот триангулација е еден од клучните. Во прво време поимот е употребуван за да го означи пристапот на употреба на повеќе мето-

---

[1] Според Trochim (2001), најчесто користени замени се трансферабилност и кредибилност (наместо екстерна и интерна валидност), додека релијабилноста се дефинира како „зависност од контекстот“ (dependability).

[2] Во геодезијата, триангулацијата значи одредување на егзактно растојание помеѓу недостапни точки на теренот со помош на тригонометриски пресметки – прво се одредуваат степените на аглите меѓу три точки, а потоа се заклучува за должината на растојанието меѓу нив. Во општествените науки, триангулацијата има само метафорично значење. Воведувањето на овој термин во сферата на методологијата му се припишува на Webb/ (1966, според Massey, 1999).

ди за мерење на еден ист конструкт како начин да се обезбеди конвергентна валидност на истражувањето (Campbell and Fiske 1959), но со текот на времето добива пошироко значење. Постојат неколку типологии на триангулација: триангулација на изворите на податоци, триангулација меѓу методите и во рамките на методите (Denzin 1970), триангулација меѓу истражувачите, теориска триангулација (Patton, 2002), планирана и непланирана триангулација (Deacon et al., 1998), симултана и секвенцијална (Morse, 1991). Често користена систематизација на сите наведени типови е таа со која се предлагаат два критериума според кои може да се организирааат, што се пак двете базични цели кон коишто се стреми триангулацијата – докажување на конвергентната валидност на наодите и целосно разбирање на истражуваната област.

*Триангулацијата на податоците* подразбира напор да се подобри валидноста на истражувањето преку користење на различни извори на податоци. На пример, доколку се спроведува евалуација на некоја програма за интервенција во училиштата, би се сметало дека валидноста на податоците е повисока доколку се приберат податоци од сите заинтересирани страни: учениците, наставниците, администрацијата и родителите. По споредбата на податоците добиени од сите извори, за најверодостојни се сметаат оние исходи коишто се меѓусебно конгруентни. Ова е еден од најпопуларните начини на триангулација, бидејќи е и најлесно спроведлив.

Ако се проследи истиот пример, доказ за валидноста со *триангулацијата меѓу истражувачите* би значело дека повеќе евалуатори, користејќи ист пристап, ќе дојдат до идентични заклучоци за ефикасноста на програмата. Иако нема ништо спорно дека нивното меѓусебно согласување би ја зголемило кредибилноста на наодите, ваков потфат многу ретко се применува бидејќи е крајно непрактичен. Прво, трошоците околу истражувањето се мултиплицираат, а второ, евентауалното несогласување би водело кон повторно спроведување на евалуацијата за да се востановат „вистинските и сигурни наоди" (Guion, 2002).

*Теориската триангулација* оди уште еден чекор подалеку - покрај тоа што зе заснова на усогласеност во интерпретацијата на добиените податоци од страна различни истражувачи, тие треба да појдат од различни теориски основи во иста научна дисциплина, или пак да доаѓаат од сродни, но различни дисциплини.

*Триангулацијата на методи (мултиметодска триангулација)*, којашто ќе биде дискутирана во овој текст, е најкомплексната. Во

најшироката дефиниција, таа подразбира употреба и на квалитативни и квантитативни методи во проучувањето на појавата. Усогласеноста на наодите до кои се доаѓа со користење на двата пристапи, би требало да биде јасен знак дека наодите се валидни. Користењето на овој пристап во последно време станува нашироко употребувана стартегија за тестирање на валидноста (Bryman, 2006), не само поради тоа што на прв поглед изгледа како одличен начин за докажување на веродостојноста на наодите, туку и поради тоа што пружа можност, добредојдена за многумина истражувачи кои се чувствуваат еднакво удобно и со квалитативниот и со квантитативниот пристап, да се интегрираат добрите страни и да се надминат недостатоците на двата метода. Mason (2006, стр. 9) забележува дека „на мешањето на квалитативните и квантитативните методи во одредени кругови се гледа како на интризично добра работа, иако резонирањето, или логиката позади таа претпоставка не е секогаш така добро искажана како што е искажан самиот сентимент [*дека пристапот е добар*]".

Во центарот на интерес на овој текст е токму откривањето на проблематичните аспекти на користењето намултиметодската триангулација како начин за обезбедување валидност на истражувањето.

## Комбинирање на методите – конфирмација или конфузија?

Комбинирањето на квалитативниот и квантитативниот метод може да настане во различни фази на истражувачкиот процес: во формулацијата на прашањето, правењето примерок, прибирањето податоци и нивната анализа и интерпретација. Но, речиси е правило дека кога се зборува за ваков вид на триангулација, се мисли на спојување на двата метода во процесот на прибирање податоци (Bryman, 2006). Ако со квалитативниот и квантитативниот пристап се дојде до идентичен наод, тогаш се смета дека е потврдена валидноста на двете истражувања. Со други зборови, со помош на едниот метод се докажува валидноста на другиот, но (иако тоа речиси никаде експлицитно не се наведува), тоа значи дека важи и обратната релација. Од логичка гледна точка, ова не е ништо повеќе од циркуларно докажување, освен ако не се прифати идејата дека едниот од методите е инхерентно супериорен во поглед на валидноста. Во пракса, ова тврдење тешко може да се брани, бидејќи доколку било кој од методите може да се прогласи за таков, триангулацијата би била бесмислена исто колку што би било бесмислено постоењето на друг метод, паралелно со таков кој сам по себе обезбедува вистинити наоди. Освен

тоа, можноста и со двата метода да се дојде до слични наоди затоа што можеби имаат слични недостатоци, па сходно на тоа, генерираат еднакво неточни податоци, потполно е игнорирана (Fielding & Fielding, 1986; според Moran-Ellis et. al., 2006). Се чини дека долгогодишната историја на легитимност на квантитативниот метод во академската средина сепак му дава статус далеку над квалитативниот, наспроти масивноста на новите струења кои ја спорат моќта на квантификацијата за сознавање на комплексната социјална реалност[3].

Ова не е единствената вулнерабилна точка на стратегијата. Имено, како што веќе беше наведено, колку повеќе независни мерења доведат до ист резултат, толку повеќе се зголемува кредибилноста на наодот. За истражувачи кои оперираат во рамките на позитивистичката парадигма, ова тврдење е сосема разумно. Неговата разумност доаѓа оттаму што базична претпоставка на позитивистичката онтологија е дека реалноста е релативно фиксна и независна од субјектот, додека пак базична епистемолошка претпоставка е дека таа може да се осознае на непристрасен начин доколку се обезбедат објективни мерни инструменти (Guba & Lincoln, 1994). Иако може да се претпостави дека сеуште постојат научници коишто ригорозно стојат зад ставот дека социјалната реалност е фиксна и објективна (ако ништо друго, барем од практични причини), не смее да се заборави дека квалитативниот метод во психологијата доживува процут токму преку аргументацијата дека таа *се конструира* низ интеракцијата. Со други зборови, ако појдовната епистемолошка точка на истражувачот е дека „сознанијата се во најголем дел конструкции на истражувачот", тогаш е многу тешко да се замисли како повторувањето на наодот кај повеќе истражувачи ќе придонесе во кредибилноста на така конструираните знаења.

Кога се прави дистинкција помеѓу квалитативниот и квантитативниот пристап, прво нешто што се споменува е дека едниот оперира со бројки како податоци, а другиот со вербален материјал. Следна најчесто споменувана разлика е тоа дека двата метода се упатени кон одговарање на различни типови истражувачки прашања: со квалитативниот се настојува да се врши предикција (на однесувањето) а квантитативниот е апликабилен за објаснување т.е разбирање (на значења). Оттука, многу тешко може да се одбрани претпоставката

[3] Bryman (2006) забележува дека постои огромна преваленција на употреба на мултиметодскиот пристап во САД (49%) каде позитивизмот по традиција е најпопуларен. Потоа следуваат Велика Британија со 27%, па сите останати земји од Европа на кои отпаѓаат само 8%. Оваа дистрибуција ни оддалеку не ја следи дистрибуцијата на објавени квалитативни студии од овие географски подрачја.

дека двата метода може да истражат, односно да дадат одговор на ист аспект на проблемот. Фактот дека сите квантитативни податоци некогаш биле квалитативни, а сите квалитативни може да се претворат во квантитативни, не значи автоматски дека процесот на трансформација од еден во друг може да се изведе на начин којшто обезбедува идентична мерка на едната и на другата страна од „равенството“.

Индикативни податоци за конфузијата околу ова прашање може да се најдат во студијата на Bryman (2006) кој анализирал 232 труда објавени во периодот од 1994-2003, во кои е користена мултиметодска валидација. Авторот забележуваа дека „...комбинацијата на квалитативното и квантитативно истражување е повремено проблематично. Најзаблежлива од овие околности има врска со случаите во кои истражувачот тврди дека употребил квалитативен пристап, или квалитативни податоци, а всушност ’квалитативните податоци‘ се базирани на квантитативна анализа на одговори на неструктурирани прашања“ (стр. 100). Во повеќе од една четвртина од написите, една иста техника на прибирање податоци се третира како да дава и квалитативни и квантитативни податоци, и тоа во зависност од начинот на којшто се тие третирани (изброени или не).

И во околности кога не се прави ваква банална грешка, многу е умесно да се постави прашањето дали со помош на двата пристапа секогаш се мерат исти нешта или е тоа само најдобра намера на истражувачот. Низа автори забележуваат (Mathison, 1988) сериозна неконзистентност помеѓу исходите од мерењето кога се користи едниот и другиот пристап, што во најголема мерка може да се припише на фактот дека тврдењата деривирани од двата метода значат две различни работи – консеквентно на тоа тие се неспоредливи.

Во одбрана на корисноста на триангулацијата, еден од најчесто цитираните автори во областа на примената на квалитативните методи за потребите на евалуација пишува: „Интелектуалната слобода да се биде отворен на тоа што го нуди светот сигурно подразбира и методолошка отвореност. Во пракса, сето тоа е можно – да се комбинираат методи и тоа да се прави на креативен начин. Исто како што машините коишто во прво време се направени за одделни функции како што се печатење, факсирање, скенирање и копирање, сега се комбинирани во една технолошка единица, така методите коишто првенствено се креирани како посебни и самостојни пристапи сега може да бидат комбинирани во пософистицирани и мултифункционални нацрти“ (Patton, 2002, стр. 252). Рака на срце, неспорно е дека

комбинирањето на двата метода може да придонесе во збогатувањето на корпусот податоци за некоја појава. Mason (2006) наведува неколку придобивки од тоа: (1) подобрување на рефлексивноста на квалитативните знаења и практика (2) отвореност, или признавање на валидноста на повеќе од еден пристап (3) флексибилност и иновативност во анализата на податоци (4) подобрување на длабочината и комплексноста на сознанијата земајќи ги во предвид и квантитативните интерпретации како легитимни (5) обезбедување рефлексивен пристап кон тоа што претставуваат податоците и како се конструира значењето. Тешко дека некој може аргументирано да го отфрли тврдењето дека мултиметодскиот пристап придонесува за збогатување на комплексноста на знаењето, но, тоа не значи дека недвосмислено може да придонесе и кон докажување на неговата валидност. Ако се вратиме на аналогијата на Patton, направата која ги обединува факс-машината, фотокопирот и скенерот сигурно е пофункционална и покомплексна отколку секоја поединечно, но ретко кој би посакал да тврди дека ако едната од нив откаже, тоа ја загрозува и функционалноста на другата.

На крај, уште еден индикативен податок од мета-анализата на Bryman (2006), кој ја сугерира потребата за правење појасни дистинкции во однос на тоа што се добива а што не може да се добие со помош на мулти-методскиот пристап. Компарацијата помеѓу наведената причина зошто се користи мулти-методскиот пристап и реалната состојба (за што de facto е употребен во истражувањето) покажува дека една третина од оние автори коишто се декларирале дека прават триангулација, не го сториле тоа. Згора на тоа, во две третини од истражувањата кадешто не е споменато дека функцијата на користењето ќе биде валидизација туку нешто друго, сепак, конвергенцијата е искористена токму за да се докаже валидноста на наодите.

## Алтернативни стартегии за верфикација на валидноста

Проблематичноста на мулти-методскиот пристап како начин на докажување на валидноста на сознанијата не мора да значи дека квалитативниот метод е лишен од обврската да се грижи за кредибилетот на сознанијата коишто ги генерира. Прашањето е само дали начинот на којшто тоа се прави излегува сосема од епистемолошката рамка на којашто оперира.

Во последните години, се забележува тренд на поделба на истражувачите во приврзаници на две гледишта во врска со решени-

јата за обезбедување валидност на квалитативните истражувања. Едните, валидноста ја гледаат како *трансакциска*, а другите како *трансформациска* (Cho & Trent, 2006). Во рамките на приврзаниците на трансакциската валидност, којашто се дефинира како конгруенција помеѓу наодите и импресијата на учесниците во истражувањето во врска со нив, Guba & Lincoln (1985) предлагаат стратегии прилагодени на квалитативната парадигма: експлорација на негативни случаи, дебрифинг на слични случаи, континуирана опсервација и потврда од самите испитаници. Тоа што е особено важно во врска со предложените стратегии е дека тие се усогласени не само со епистемолошката рамка, туку и со базичните етички начела врз кои оперира квалитативниот метод. Само како илустрација, може да се наведе дека еден од најупотребуваните пристапи – барањето потврда од испитаниците за веродостојноста на наодите, не само што не го става истражувачот во надредена позиција со иманентана моќ да знае повеќе од испитаниците за самите нив, туку ги омоќува оние од коишто произлегуваат информациите како врвен судија за тоа дали интерпретациите ја погодуваат суштината или не. За жал, постојат и случаи кадешто овој пристап не може да се користи. Guba & Lincoln (1985) се свесни за ограничувањата на наведената постапка во случаи кога е јасно дека интегритетот на испитаниците е доведен под прашање, заедно со нивната елементарна способност да просудуваат во врска со интерпреатциите. Адекватна замена за гласот на самите испитаници во потврдувањето на наодите кај овие случаи досега не е понуден. Како дополнителни прашања на коишто квалитативните истражувачи треба да дадат одговор за да обезбедат кердибилни наоди во рамките на методот се предлагаат следниве (Morse, 1998): (1) проценка на тоа дали постои компатибилност помеѓу прашањето за кое се бара одговор и методот на анализа којшто се користи; (2) одредување дали е адекватен примерокот во смисла на тоа дека ги опфаќа токму оние испитаници кои имаат најбогати информации во врска со истражуваниот феномен, како и дали се обезбедени доволно сатурирани и репликабилни информации; (3) промислување дали податоците се прибираат и анализираат симултано; (4) проценка дали наодите можат да придонесат кон развој од микро-перспектива кон макро – концептуално и теориско разбирање на појавата.

Приврзаниците на гледиштето дека валидноста на квалитативните истражувања е трансформациска, сугерираат дека обидите да се докаже конвергентната валидност на квалитативните истражувања е суштински некомпатибилна со методот и затоа треба да се напуштат. Во центарот на интерес на овие мислители е експлицирање-

то на природата на социјалните, културните и политичките значења во различни контексти. Разбирливо е дека поради тоа што значењата се социјални конструкти, различните перспективи на гледање на темата што се истражува ќе генерираат разлики во интерпреатциите. Затоа, се смета дека валидноста гледана како обид да се процени степенот на согласување помеѓу реалноста и нејзините репрезентации, треба да се трансформира во поинаква валидност која ќе биде компатибилна на социјалните истражувања (а не на природните науки) и да се проценува низ призмата на тоа дали интерпретациите придонесуваат кон постигнување социјална правда, подлабоко разбирање и пошироки визии за положбата на луѓето во заедницата. Во таа смисла, еден од пионерите на ова гледиште, психологот Kvale (1995), зборува за *прагматична валидност* на истражувањето. Според него, истражувањето е валидно тогаш кога има употребна вредност во реструктурирање на асиметријата на моќ во општестото.

Меѓу овие две спротиставени гледишта, некои автори се обидуваат да пронајдат трет пат. Во поново време, постои обид за еклектичко спојување на трансформацискиот и трансакцискиот модел во интегративен модел. Овој пристап се обидува да го гледа јазот помеѓу нив како производ на фокусирање на различни облици на валидност. Имено, се допушта валидноста да може да се дефинира на различни начини, односно да содржи во себе различни аспекти, па според тоа треба да се проверува со различни стратегии. Еден аспект на валидноста би бил „процес на барање на вистината", друг е „детална дескрипција на искуствата и значењата", третиот може да се дефинира како „развоен аспект", или „процес на социјална промена" (Cho & Trent, 2006). Проверката на адекватноста на различните аспекти, бара различни пристапи. Во тој контекст, триангулацијата би била најсоодветната стратегија за тестирање на тоа колку истражувањето е блиску до 'вистината', односно колку податоците се слични на она што се подразбира под „фактичка референтна рамка", како и на тоа дали психолошко-логичкото резонирање за каузалните односи претпоставени врз основа на податоците е доволно ригорозно и систематско. Останатите дефиниции на валидноста, би барале сосема поинакви стратегии, неспоиви со барањата на триангулацијата. Што се однесува пак до решението за тоа како воопшто од ваква позиција може да се дефинира валидноста, најдобра илустрација за тоа е предлогот на Hammarsley (1998, стр. 78), за формулација на гледиште кое тој го нарекува *суптилен реализам*. Според оваа рамка, истражувачот „ја задржува идејата дека вистинитото знаење во релевантните аспекти кореспондира со феноменот којшто настојува да го прет-

стави, но признава дека никогаш не може да биде сигурен во валидноста на било кое сознание; тоа сепак сугерира дека сè уште постои можност да се процени можноста за валидност на дадените тврдења". Предноста на оваа позиција некои автори (Morse ѝ Chiung, 2003) ја гледаат во тоа што одразува неколку важни карактеристики на квалитативниот метод: холизмот, плуралистичноста и отвореноста.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Петроска Бешка*)

## ЛИТЕРАТУРА

Bryman, A. (2006). Intergration Qualitative and Quantitative Research: How is it Done? *Qualitative Research*, 6/1, 97-113.

Campbell, D.T. and Fiske, D. (1959). Convergent and discriminant validation by the multitrait-multimethod matrix, *Psychological Bulletin*, 56, 81-104.

Cho, J. & Trent, A. (2006). Validity in Qualitative Research Revisited. *Qualitative Research*. 6/3, 319-340.

Denzin, N. (1970). Strategies of multiple triangulation, in Denzin, N. (ed.) *The research act in sociology: a theoretical introduction to sociological method*, 297-313, New York, McGraw-Hill.

Deacon, D., Bryman, A. and Fenton, N. (1998). Collision or collusion? A discussion and case study of the unplanned triangulation of quantitative and qualitative research methods, *International Journal of Social Research Methodology*, 1, 1, pp. 47-63.

Golafshani, N. (2003). Understanding Reliability and Validity in Qualitative Research. *The Qualitative Report*, 8/4, 596-607.

Guion, L. A. (2002). *Triangulation: Establishing the Validity of Qualitative Studies*. Institute for Food and Agricultural sciences: University of Florida.

Guba, E. G. & Lincoln, Y. S. (1994). Competing Paradigms in Qualitative Research. Vo N. K. Denzin & Y. S. Lincoln (Eds.) *Handbook of Qualitative Research*, Thousand Oaks: Sage Publications, 99-105.

Hammersley, M. (1998). *Reading Ethnographic Research*. London: Longman.

Hollway, W. (1994). Beyond Sex Differences: A project for Feminist Psychology. *Feminism & Psychology*, vol 4/4, 538-546.

Kvale, S. (1995). The Social Construction of Validity. *Qualitative Validity*, 1/1, 19-40

Mason, (2006). Mixing Methods in a Qualitatively Driven Way. *Qualitative Research. 6/1, 9-25.*

Minnich, E. (1990). *Transforming Knowledge*. 2nd Ed. Philadelphia: Temple University Press.

Morse J. (1991). Approaches to qualitative-quantitative methodological triangulation. *Nursing Research* 40, 1, 120-123.

Morse, J. M. (1998). Validity by committee. *Qualitative Health Research, 8*, 443-445.

Morse, J. M. & Chung, S. E. (2003). Toward Holism: The Significance of Methodological Pluralism. *International Journal of Qualitative Methods*, 2/3, 1-12.

Patton, M. Q. (2002). *Qualitative Research and Evaluation Methods*. Thousand Oaks: Sage Publications.

Симовска, В. и Георгиева, Е. (2004). Може ли психологијата да издржи критика однатре? – Преглед на радикално поинаков пристап во психологијата. *Зборник 30 години психологија,* Скопје: Филозофски факултет, 248-257.

Stenbacka (2001). Qualitative Research Requires Quality Concepts of Its Own. *Management Decision*. 39/7, 551-555.

Traub, R. E. (1994). *Reliability for the Social Sciences: Theory and Applications*. Thosand Oaks: Sage.

Trochim, W.M.K. (2001) *The Research Methods: Knowledge Base*, Cincinnati, OH: Atomic Dog Publishing.

Zavalloni, M. (1983). Ego-ecology: The Study of Interaction between Social and Personal Identities. во A. Jacobson-Widding, (ed.) *Identity: Personal and Socio-Cultural*. Atlantic Highllands, USA: Humanities Press Inc, 205-229.

Nikolina KENIG

# THE MULTI-METHOD TRIANGULATION AND THE VALIDITY OF PSYCHOLOGICAL QUALITATIVE RESEARCH


## ABSTRACT

*Reliability and validity as criteria for judging the appropriateness of the research are common in quantitative methodology. This article discusses the need for redefining their use in qualitative studies by adjusting their meaning as well as the ways of their examination considering the epistemological and ontological paradigm typical for the qualitative research. It explores several problems related to the practice of using the multi-method approach for the purpose of triangulation, i.e. validation in qualitative study, suggesting that the quality of the study in each paradigm should be judged by its own paradigm terms. Finally, the author explains the alternative strtegies for assessing the validity of the research, whose starting point is their radically different notion of what validity is.*


***Keywords:*** *TRIANGULATION, QUALITATIVE METHODS, VALIDITY, RELIABILITY, MULTI-METHOD APPROACH*